РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-2113/1
17-03-2023 20__ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 210 и 211 од Законот за животна средина средина (Сл. Весник на РСМ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89 /22 и 171/22,) член 128 од Законот за управување со отпад (Сл. Весник на РСМ број 216/21), член 225 од Законот за води (Сл. Весник на РСМ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21), член 53 од Законот за заштита од бучавата (Сл. Весник на РМ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15, 96/2019 и 151/21), член 73 од Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на РСМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21) и член 38 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл. Весник на РМ бр. 75/2010), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

**ПЛАН**
**за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје за 2023 година**

член 1

Министерството за животна средина и просторно планирање врши надзор над работата на органите на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје.

член 2

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на Градот Скопје и општините во Градот Скопје се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на нивните надлежности.

член 3

Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на Градот Скопје и оптшините во Градот Скопје во текот на 2023 година, МЖСПП ќе го спроведе во следните надлежности:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина,
2. Постапка за спроведување на стратегиска оцена,
3. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола,
4. Надзор на надлежностите на органите на општините, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје за постапките од областа на управување со отпадот,
5. Надзор на надлежностите на органите на општината, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје за постапките од областа на заштита на водите,
6. Надзор на надлежностите на органите на општината, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје од областа на заштита од бучава во животната средина и


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

7. Надзор на надлежностите на општините Охрид, Струга и Дебрца во спроведување на надлежностите во областа на природното наследство.

член 4

Во текот на 2023 година, надзорот над законитоста на работата ќе се изврши на следните општини:

<u>- Скопски регион:</u>
1. Општина Илинден
2. Општина Аеродром
3. Општина Сопиште

<u>-Вардарски регион:</u>
4. Општина Неготино
5. Општина Св. Николе

<u>-Источен регион:</u>
6. Општина Виница,
7. Општина Пробиштип
8. Општина Кочани
9. Општина Штип

<u>-Југозападен регион:</u>
10. Општина Кичево
11. Општина Охрид
12. Општина Струга
13. Општина Дебрца

<u>-Југоисточен регион:</u>
14. Општина Радовиш
15. Општина Струмица

<u>-Пелагониски регион:</u>
16. Општина Прилеп
17. Општина Ресен
18. Општина Новаци

<u>- Полошки регион:</u>
19. Општина Брвеница
20. Општина Врапчиште
21. Општина Гостивар


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

-Североисточен регион:
22. Општина Липково
23. Општина Куманово

член 5

Заради остварување на надзорот од член 1 на овој План, министерот за животна средина и просторно планирање формира комисија составена од државни службеници вработени во Министерството за животна средина и просторно планорање, кои работат во областите наведени погоре. Во составот на комисијата намалку двaца државни службеници се од редот на вработените во Секторот за соработка со локална самоуправа и управни и надзорни работи.

член 6

За секој извршен надзор на општините, на градот Скопје и општините во Градот Скопје, Комисијата од член 5 на овој План ќе изготви Извештај за извршен надзор со препораки/укажувања за натамошно постапување и истиот ќе биде објавен на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

член 7

Надзорот кој е предмет на овој План ќе заврши заклучно со 31.12.2023 година.

член 8

По извршувањето на надзорот Министерството за животна средина и просторно планирање е должно на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје кај кој е извршен надзорот да им достави укажување за евентуалните констатирани недостатоци и да им определи рок во кој треба да ги отстранат констатираните недостатоци.

член 9

Координацијата и административните работи за спроведувањето на надзорот ќе се врши од страна на Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи при Министерството за животна средина и просторно планирање.

член 10

Овој план се објавува на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Министер
Каја Шукова

Изработил: Тања Пауновска
Одобрил: Државен секретар, Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk